# КАКО ДА ЧИТАТЕ СО ВАШЕТО ДЕТЕ ДОМА

## ИДЕИ ЗА РОДИТЕЛИ И НЕГУВАТЕЛИ НА МАЛИ ДЕЦА

READING WITH YOUR CHILD AT HOME – IDEAS FOR PARENTS OF YOUNG CHILDREN

## Читањето е важно

READING IS IMPORTANT

- Читањето отсекогаш било важно како способност. Во нашиот современ живот, тоа е побитно од било кога.
- Децата учат за значењето на читањето додека гледаат како членовите во нивните семејства го користат читањето и пишувањето во многуте секојдневни дејности.
- Ако читате со вашето дете дома, ќе му помогнете во сите области на учење на школо.
- Децата ве гледаат додека читате и пишувате во секојдневниот живот - кога читате за задоволство, кога користите некој рецепт, кога составувате листа на работи што треба да се купат, кога пишувате картички за роденден или кога ги читате уличните знаци.
- Често, училиштето бара од родителите да ги слушаат децата кога читаат дома. Тоа е добар начин да го поттикнувате детето да чита. Книгите можете да ги позајмите од вашата школска библиотека или од вашата локална библиотека.
- Бидете сигурни дека вашето дете ќе научи да чита.

## Што можете да сторите дома за да помогнете

WHAT YOU CAN DO AT HOME TO HELP

- Однесувајте се нормално. Вклучете ги децата во секојдневните разговори.
- Читајте им на глас на децата. Ова им помага да го научат јазикот на книгите и ќе ги поттикне да уживаат во книгите и читањето.
- Разговарајте за книги, читајте заедно и направете го читањето да биде активност во која заеднички ќе уживате.

- Обезбедете широк асортиман на материјали за читање за вашето дете дома, како приказни така и стручна литература.
- Битно е да му читате на вашето дете на вашиот мајчин јазик, ако тоа не е англискиот.  Искуството покажува дека употребата на вашиот мајчин јазик ќе му помогне на вашето дете да научи да чита на англиски.
- Потрудете се да не дозволите телевизијата да ви пречи за време на читање. Изберете  специјално време да читате со вашето дете, без никакво вознемирување.
- Секој ден слушајте го вашето дете кога чита, макар и за кратко време.
- Давајте книги како награда и подароци.

## Совети како да го слушате вашето дете кога чита

### HINTS FOR LISTENING TO YOUR CHILD READ

- Пред да започнете со читање, разговарајте за корицата, насловот, сликите, и дискутирајте за што може да биде книгата.
- За време на читањето, разговарајте за тоа што се случило до таму до каде што сте стигнале со читање и обидете се да одгатнете што ќе се случи понатаму.
- По читањето, зборувајте и поставете му прашања на детето за приказната и сликите.
- Кога читате заедно потешка книга, менувајте се.  Почетниците во читање можат да ги читаат деловите што се повторуваат, а поискусните читатели можат да прочитаат еден параграф или една страница.
- Кога ќе наидете на непознат збор:

  **Застанете** , за да му дадете време на детето да го одгонетни зборот.

  **Потстрекнете**

  - вратете се на почеток на реченицата, или продолжете да читате после тешкиот збор до крај на реченицата
  - побарајте решение во сликата или зборовите
  - погледнете ја првата буква и размислете што може да значи тој збор
  - прашајте "Има ли ова смисла?"
  - обидете се да го изговорите зборот
  - кажете му го зборот на детето ако е потребно

**Пофалете** го вашето дете за трудот, макар и да направи многу грешки.

# Што да читате и правите

## WHAT TO READ AND DO

- Раскажувајте и прераскажувајте приказни од сите видови, вклучувајќи омилени приказни, филмови, локални новости и приказни за историјата на вашето семејсто.
- Играјте игри како што е "На буква, на буква..."
- Замолете го вашето дете да чита на глас едноставни рецепти додека приготвувате нешто заедно.
- Читајте стрипови, магазини, кратки приказни, поеми и римувани стихови, вклучувајќи и детски песнички.
- Решавајте крстозбори и други загатки со зборови заедно.
- Пред да гледате некоја емисија, побарајте ја во ТВ Водичот.
- Заедно прегледајте ги летоците од поштенското сандуче.
- Додека се возите во кола или пазарувате, читајте ги насоките и знаците.
- Читајте и пишувајте писменца и писма до членовите во семејството.
- Заедно играјте игри на табла и читајте ги правилата.
- Снабдете се со пластични букви, мрсни боици, моливи, пенкала и хартија за пишување.

# И запамтете . . .

## AND DO REMEMBER . . .

- Дискутирајте за значењето на приказните и зборовите.
- Поттикнувајте го вашето дете да чита секаде и во секое време.
- Овозможете му на детето да ве гледа како читате со задоволство.
- Посетувајте ја и користете ја библиотеката во ваша близина.  Позајмувате книги и за вас и за вашето дете.
- Разговарајте со учителот на вашето дете или со директорот за понатамошна помош и совет.
- Уживајте во читањето.  Треба да ви претставува задоволство.

**За повеќе информации како да му помогнете на вашето дете да чита, контактирајте го вашето локално училиште.**